**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ ”СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ”- БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

# В О Д И Ч

## ЗА ПРВ, ТРЕТ, ПЕТТИ И СЕДМИ СЕМЕСТАР ЗА РЕДОВНИ И ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ ВО АКАДЕМСКАТА 2016/2017 ГОДИНА

## КРИМИНАЛИСТИКА

*Според принципите на ЕКТС*

Скопје, Септември 2016

# ***ПРВ СЕМЕСТАР***

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кривично право | ред. проф. д-р Миодраг Лабовиќ mlabovic@yahoo.com | | 5+3 | 18 | 6 |
| 2. | Вовед во право и уставно право | вон. проф. д-р Наташа Пеливанова n_pelivanova@yahoo.com | | 4+2 | | 6 |
| 3. | Вовед во полициски науки | доц. д-р Раде Рајковчевски raderaj@yahoo.com | | 3+1 | 1 | 6 |
| 4. | Вовед во криминалистика | ред. проф. д-р Борис Мургоски bmurgoski@yahoo.com | | 3+2 | 20 | 6 |
| 5. | Вооружување и опрема-задолжителна академска способност | доц. д-р Раде Рајковчевски raderaj@yahoo.com | | 1+1 | 1 | 1 |
| | Изборни предмети | | | | | |
| 1. | Информатика 1 | вон. проф. д-р Цветко Андреески cvetkoandreeski@yahoo.com | | 1+1 | | 2 |
| 2. | Англиски јазик 1 | доц. д-р ВеснаТрајковска trajkovska_vesna@yahoo.com | | 2+1 | 2 | 2 |
| 3. | Германски јазик 1 | вон. проф. д-р Јаготка Стрезоска jagodastrezovska@yahoo.de | | 2+1 | | 2 |
| 4. | Француски јазик 1 | лектор м-р Анета Ѓуровска-Арсовска anarso_mk@yahoo.fr | | 2+1 | | 2 |

Од понудените 4, студентот избира 2 предмети (најмалку 1 странски јазик).

# ***ТРЕТ СЕМЕСТАР***

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кривично процесно право | вонр. проф. д-р Катерина Крстевска<br>katerina.krstevska@gmail.com<br>kpp.bezbednost@gmail.com | | 4+3 | 5 | 7 |
| 2. | Криминалистичка тактика 2 | вон. проф. д-р Марина Малиш-Саздовска<br>mmalis@fb.uklo.edu.mk<br>вонр. проф. д-р Марјан Николовски<br>mnikolovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 17<br>18 | 6 |
| 3. | Основи на безбедноста и безбедносен систем на РМ | ред. проф. д-р Томе Батковски<br>tomebat52@gmail.com<br>доц. д-р Татјана Гергинова<br>tanjagerginova@gmail.com | | 4+2 | 15<br>1 | 6 |
| 4. | Специјално физичко образование-академска способност | доц. д-р Јонче Ивановски<br>jonce_i@yahoo.com | асс. д-р Аљоша Недев<br>anedev@fb.uklo.edu.mk | 1+1 | 3 | 1 |
| | Изборни предмети | | | | | |
| 1. | Превенција на криминалитет | доц. д-р Весна Стефановска<br>vesne_stojkovska@yahoo.com | | 2+1 | 16 | 3 |
| 2. | Социјална патологија | вонр. проф. д-р Саше Герасимоски<br>sgerasimoski@yahoo.com | | 2+1 | 7 | 3 |
| 3. | Криминалистичка психопатологија | вонр. проф. д-р Драгана Батиќ<br>dbatic@yahoo.com | д-р Роза Крстевска | 2+1 | 14 | 3 |
| 4. | Англиски јазик 3 | доц. д-р ВеснаТрајковска<br>trajkovska_vesna@yahoo.com | | 2+1 | 2 | 2 |
| 5. | Германски јазик 3 | вон. проф. д-р Јаготка Стрезоска<br>jagodastrezovska@yahoo.de | | 2+1 | | 2 |
| 6. | Француски јазик 3 | лектор м-р Анета Ѓуровска-Арсовска<br>anarso_mk@yahoo.fr | | 2+1 | | 2 |

Од понудените 6, студентот избира 3 предмети (најмалку 1 странски јазик).

# ***ПЕТТИ СЕМЕСТАР***

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Виктимологија | ред. проф. д-р Оливер Бачановиќ oliverb@ukim.edu.mk | | 3+1 | 16 | 6 |
| 2. | Методологија на истражување на безбедносните појави | ред. проф. д-р Цане Мојаноски mojanc@gmail.com | | 4+2 | 19 | 6 |
| 3. | Меѓународно јавно право | ред. проф. д-р Владимир Ортаковски ortak@sonet.com.mk | вонр. проф. д-р Марија Миленковска marijamilenkovska@yahoo.com | 3+1 | 10<br>5 | 6 |
| 4. | Еколошка криминалистика | вон. проф. д-р Марина Малиш-Саздовска mmalis@fb.uklo.edu.mk | | 2+2 | 17 | 6 |
| 5. | Специјално физичко образование-задолжителна академска способност | доц. д-р Јонче Ивановски jonce_i@yahoo.com | асс. д-р Аљоша Недев anedev@fb.uklo.edu.mk | 1+2 | 3 | 1 |
| | Изборни предмети | | | | | |
| 1. | Методика на истражување пожари и експлозии | ред. проф. д-р Росе Смилески smile@va.edu.mk | | 2+1 | | 2 |
| 2. | Полициска етика со деонтологија | доц. д-р Никола Дујовски ndujovski@gmail.com | | 2+1 | 7 | 2 |
| 3. | Европско право | ред. проф. д-р Снежана Никодиновска-Стефановска snikodinovska@fb.uklo.edu.mk | вонр. проф. д-р Марјан Арсовски arsovskim@yahoo.com | 2+1 | 21<br>7 | 2 |

Од понудените 3, студентот избира 2 предмети.

# *СЕДМИ СЕМЕСТАР*

## Криминалистичко-криминолошка насока

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пенологија | ред. проф. д-р Оливер Бачановиќ<br>oliverb@ukim.edu.mk | | 2+2 | 16 | 6 |
| 2. | Методика на истражување на економско-финансиски криминал | вонр. проф. д-р Светлана Николоска<br>svetlananikoloska@hotmail.com | | 3+2 | 17 | 6 |
| 3. | Методика на истражување на компјутерски криминал | вонр. проф. д-р Светлана Николоска<br>svetlananikoloska@hotmail.com | | 2+3 | 17 | 6 |
| 4. | Безбедност во сообраќајот | ред. проф. д-р Борис Мургоски<br>bmurgoski@yahoo.com | | 2+2 | 20 | 6 |
| 5. | Полиција и јавност | вон. проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски<br>ftremenski@gmail.com | | 2+1 | 11 | 6 |
| 6. | Судска медицина | ред. проф. д-р Алексеј Дума<br>drduma@yahoo.com | асс. д-р Рената Јанкова-Ајановска<br>renjankova@yahoo.com | 2+2 | | 6 |
| 7. | Методика на истражување на организиран криминал | вонр. проф. д-р Марјан Николовски<br>mnikolovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 18 | 6 |
| 8. | **Изборни предмети група 2 (од научното подрачје – избор на еден)**<br>Предмети од научното подрачје – општествени науки | | | | | 6 |

Од понудените 8, студентот избира 5 предмети (4 од понудените 7 од насоката и 1 од ниво на компатибилност /група/ 2).

## Безбедносна насока

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пенологија | ред. проф. д-р Оливер Бачановиќ oliverb@ukim.edu.mk | | 2+2 | 16 | 6 |
| 2. | Топографија | ред. проф. д-р Јове Талевски jovetalevski@yahoo.com | | 2+3 | | 6 |
| 3. | Методика на истражување на економско-финансиски криминал | вонр. проф. д-р Светлана Николоска svetlananikoloska@hotmail.com | | 3+2 | 17 | 6 |
| 4. | Безбедност во сообраќајот | ред. проф. д-р Борис Мургоски bmurgoski@yahoo.com | | 2+2 | 20 | 6 |
| 5. | Судска медицина | ред. проф. д-р Алексеј Дума drduma@yahoo.com | асс. д-р Рената Јанкова-Ајановска renjankova@yahoo.com | 2+2 | | 6 |
| 6. | Безбедносни стратегии и менаџмент | вон. проф. д-р Марина Малиш-Саздовска mmalis@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 17 | 6 |
| 7. | Методика на истражување на организиран криминал | вонр. проф. д-р Марјан Николовски mnikolovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 18 | 6 |
| 8. | **Изборни предмети група 2 (од научното подрачје – избор на еден)** Предмети од научното подрачје – општествени науки | | | | | 6 |

Од понудените 8, студентот избира 5 предмети (4 од понудените 7 од насоката и 1 од ниво на компатибилност /група/ 2).

## Полициско-оперативна насока

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Безбедност во сообраќајот | ред. проф. д-р Борис Мургоски<br>bmurgoski@yahoo.com | | 2+2 | 20 | 6 |
| 2. | Методика на истражување на организиран криминал | вонр. проф. д-р Марјан Николовски<br>mnikolovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 18 | 6 |
| 3. | Полиција и јавност | вон. проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски<br>ftremenski@gmail.com | | 2+1 | 11 | 6 |
| 4. | Топографија | ред. проф. д-р Јове Талевски<br>jovetalevski@yahoo.com | | 2+3 | | 6 |
| 5. | Судска медицина | ред. проф. д-р Алексеј Дума<br>drduma@yahoo.com | асс. д-р Рената Јанкова-Ајановска<br>renjankova@yahoo.com | 2+2 | | 6 |
| 6. | Односи со јавност | доц. д-р Богданчо Гогов<br>bgogov@t-home.mk | | 2+1 | 11 | 6 |
| 7. | Методика на истражување на компјутерски криминал | вонр. проф. д-р Светлана Николоска<br>svetlananikoloska@hotmail.com | | 2+3 | 17 | 6 |
| 8. | **Изборни предмети група 2 (од научното подрачје – избор на еден)**<br>Предмети од научното подрачје – општествени науки | | | | | 6 |

Од понудените 8, студентот избира 5 предмети (4 од понудените 7 од насоката и 1 од ниво на компатибилност /група/ 2).

## Насока Меѓународна безбедност

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Правда и внатрешни работи на ЕУ | доц. д-р Никола Дујовски<br>ndujovski@gmail.com | | 3+2 | 7 | 6 |
| 2. | Евроатлантска безбедносна интеграција | вонр. проф. д-р Марјан Арсовски<br>arsovskim@yahoo.com | | 3+2 | 7 | 6 |
| 3. | Современи политички системи | ред. проф. д-р Жидас Даскаловски<br>daskalovski@outlook.com | | 3+2 | | 6 |
| 4. | Меѓународен тероризам | ред. проф. д-р Злате Димовски<br>zdimovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 12 | 6 |
| 5. | Превенција на конфликти и мирно решавање на споровите | вон. проф. д-р Фросина Ташевска-Ременски<br>ftremenski@gmail.com | | 2+2 | 11 | 6 |
| 6. | Недискриминација и ранливи групи | вонр. проф. д-р Стојанка Мирчева<br>smirceva@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 20 | 6 |
| 7. | Меѓународно право за правата на човекот | вонр. проф. д-р Марија Миленковска<br>marijamilenkovska@yahoo.com | | 3+2 | 5 | 6 |
| 8. | **Изборни предмети група 2 (од научното подрачје – избор на еден)**<br>Предмети од научното подрачје – општествени науки | | | | | 6 |

Од понудените 8, студентот избира 5 предмети (4 од понудените 7 од насоката и 1 од ниво на компатибилност /група/ 2).

## Насока Безбедност во приватниот сектор

| | ПРЕДМЕТ | ПРЕДМЕТЕН НАСТАВНИК | СОРАБОТНИК | Фонд | Каб. | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Безбедност во приватниот сектор | вонр. проф. д-р Саше Герасимоски sgerasimoski@yahoo.com | | 3+2 | 7 | 6 |
| 2. | Тактика и техника на обезбедување | доц. д-р Татјана Гергинова tanjagerginova@gmail.com | | 2+3 | 1 | 6 |
| 3. | Заштита од пожари, експлозии и опасни материи | ред. проф. д-р Росе Смилески smile@va.edu.mk | | 3+3 | | 6 |
| 4. | Планирање и економика на обезбедување | | | 2+3 | 12 | 6 |
| 5. | Методика на истражување на компјутерски криминал | вонр. проф. д-р Светлана Николоска svetlananikoloska@hotmail.com | | 2+3 | 17 | 6 |
| 6. | Тероризам и методика на истражување на тероризам | ред. проф. д-р Злате Димовски zdimovski@fb.uklo.edu.mk | | 3+2 | 12 | 6 |
| 7. | Топографија | ред. проф. д-р Јове Талевски jovetalevski@yahoo.com | | 2+3 | | 6 |
| 8. | **Изборни предмети група 2 (од научното подрачје – избор на еден)** Предмети од научното подрачје – општествени науки | | | | | 6 |

Од понудените 8, студентот избира 5 предмети (4 од понудените 7 од насоката и 1 од ниво на компатибилност /група/ 2).

**Извадок од Универзитетскиот**
**П Р А В И Л Н И К**
**за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот**

Академската/студиската година започнува на 15-ти Септември, а завршува на 14-ти Септември наредната година.

Студиските програми во текот на студиската година се реализираат во два семестри: зимски и летен семестар.

Зимскиот семестар трае од 15-ти Септември и завршува на 1-ви Февруари.

Летниот семестар трае од 1-ви Февруари до 15-ти Јуни.

Секој од семестрите содржи 15 недели настава и 3 недели за спроведување на испитна сесија.

Завршните испити се одржуваат во испитни рокови и тоа:

- февруарски;
- јунски и
- септемвриски;

Осмата и петнаесеттата недела од секој семестар се колоквиумски недели.

Студентот кој запишува непарен семестар во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот, односно претходните непарни семестри.
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните непарни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.
- Ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот непарен семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните непарни семестри.

Студентот кој запишува парен семестар во тој семестар ќе запише:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со февруарскиот испитен рок од претходниот, односно претходните парни семестри.
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните парни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.
- Ако студентот веќе ги положил сите предмети од претходниот, односно претходните парни семестри, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните парни семестри.

Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет кој според студиската програма условува претходно полагање на предметот кој повторно се запишува, но полагањето на предметите мора да е редоследно.

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување пријави од страна на студентите при запишување на предметите.

Точноста на податоците во пријавата со свој потпис ја потврдуваат администраторот и координаторот на ЕКТС за соодветната студиска програма.

Плаќањето на надоместокот и износот за кофинансирање при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити. Пресметката се врши на начин што надоместокот, односно износот за кофинансирање се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.

Студентите (во државна и квота со кофинансирање) кои повторно запишуваат предмет, плаќаат 80 % од партиципацијата, односно од износот за кофинансирање согласно статусот на студентот.

За вонредните студенти и редовните студенти кои повторно запишале предметна програма, задолжително се организира кондензирана настава.

Студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано оценување на сите активности предвидени со предметната програма.

При формирањето на завршната оценка, 80% од оценката произлегува од колоквиумите односно завршниот испит, а 20% од останатите активности (студентот сам одлучува дали ќе ги полага колоквиумите или ќе се јави на завршен испит; другите активности предвидени со предметната програма не се задолжителни).

Максималниот број поени изнесува најмногу 100.

Колоквиумот, односно завршното оценување се смета за позитивно, доколку студентот освои минимум 50% + 1 поен од вкупниот број поени предвидени за колоквиумот, односно за завршното оценување.

Предметната програма се реализира врз основа на однапред утврдена основна литература, којашто може да изнесува најмногу до 100 страни за еден час настава неделно, но не повеќе од 400 страни за една предметна програма.

Вонредниот студент бодовите може да ги оствари по следниве основи:

- присуство на концентрирана-консултативна настава;
- семинарски труд;
- самостојна домашна работа и
- други активности.

По успешното положување на завршниот испит вонредниот студент ги добива кредитите определени за соодветниот предмет.

Редовните студенти се должни редовно да присуствуваат на настава и вежби. Редовниот студент може да отсуствува од настава или вежби најмногу по трипати во текот на семестарот, а во спротивно нема право на потпис и полагање колоквиуми.

Доколку студентот не ги положи колоквиумите како начин на полагање на испитот, тогаш целата материја од предметната програма ја полага на завршниот испит.

Во рамките на континуираното оценување студентот полага два колоквиуми. Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, истиот може да го полага уште еднаш.

Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положил вториот колоквиум, истиот го полага во испитни сесии, но ова право важи само во текот на една година, односно до повторно запишување на предметот.

Завршното оценување се врши писмено, освен за предмети каде природата на предметот бара друг начин на оценување за што одлучуваат единиците на Универзитетот пред почетокот на академската година.

Согласно Упатството за начинот на оценување на колоквиумите и други форми на континуирано оценување, како и формата и евиденцијата на постигнатите резултати од 09.06.2009 година, оценувањето е регулирано на следниов начин:

Наставните дисциплини од студиската програма можат да се полагаат: континуирано-преку колоквиуми или на завршно оценување.

Утврдувањето на конечниот број освоени бодови, односно конечната оценка од определените наставни дисциплини за редовните студенти се врши на два начина, и тоа преку:

- колоквиуми и
- завршно оценување.

Доколку полагањето се врши преку колоквиуми, тогаш студентот полага два колоквиуми, а оценувањето се врши на следниов начин: Оценување на колоквиумите се врши со поени од 0 до 80, притоа за положување на соодветниот колоквиум потребно е освојување на минимум 41 поени, притоа при формирањето на оценката се зема просечниот број на поени освоени на двата колоквиуми. Останатите 20 поени до вкупниот број од максимум 100 поени се добиваат врз основа на другите активности и резултати на студентите и тоа:

Прва група – 10 поени:

- присуство и активност на предавања
- присуство и активност на вежби.

Втора група – 10 поени:

- изработка на семинарски труд
- самостојна (домашна) работа
- изработени или реализирани проекти/програми.

Трета група – 5 поени:

- менторство на други студенти
- освоени награди или пофалници
- учество на семинари
- учество на симпозиуми и
- други активности предвидени со предметната програма.

Распределбата на поените за конкретните активности од претходно наведените групи ја врши предметниот наставник кој е должен истата да им ја стави на увид на студентите на почетокот на наставата по соодветната наставна дисциплина.

Максималниот број поени од сите активности потребен за формирање завршна оценка не може да биде поголем од 20.

Доколку студентот ги положи двата колоквиуми и заедно со другите активности од континуираното оценување освои повеќе од 50 поени, истиот поднесува испитна пријава за завршно оценување во редовните испитни рокови притоа студентот не се јавува на завршното оценување.

Пред објавувањето на резултатите од завршното оценување, предметниот наставник е должен да објави прелиминарна листа за постигнатите резултати на студентите коишто предметот го полагале преку континуирано оценување.

Оваа листа треба да ги содржи поените освоени на колоквиумите и другите форми на континуирано оценување.

Предметниот наставник врз основа на претходно објавените резултати од колоквиумите и другите активности ја формира конечната оценка и истата ја објавува во резултатите за завршното оценување од соодветниот испитен рок.

Доколку студентот го положи првиот колоквиум, на завршното оценување го полага само вториот колоквиум во испитните сесии во тековната академска година до евентуалното повторно запишување на предметот.

Редовните студенти коишто не го положиле првиот колоквиум, или не го полагаат испитот преку колоквиуми, односно го полагаат испитот само преку завршно оценување, се оценуваат со поени од 0 до 80, притоа услов за положување на завршниот испит се овоени минимум 41 поени, но и освоени најмалку уште 10 поени од другите активности (горе наведени), што значи вкупно минимум 51 поени.

Доколку студентот освои минимум 51 поени само на завршното оценување, тогаш за позитивна оценка не му се потребни дополнителен број поени од другите активности.

Утврдувањето на вкупниот збир поени и формирањето на конечната оценка за вонредните студенти може да се врши на два начина, и тоа, во зависност од тоа дали:

- студентот посетува редовна или кондензирана настава или
- студентот не посетува редовна настава.

Доколку вонредниот студент посетува кондензирана настава истиот може да освои дополнителни поени преку присуство и активност на предавања и на вежби.

Доколку вонредниот студент не посетува редовно настава и вежби, и го полага испитот само преку завршното оценување, тогаш се оценува со поени од 0 до 80, пришто услов за положување на завршниот испит се освоени минимум 41 поени, но и освоени најмалку уште 10 поени од другите активности согласно чл. 18 од ова Упатство, што значи вкупно минимум 51 поени. Доколку студентот освои повеќе од 51 поени само на завршното оценување, тогаш за позитивна оценка не му се потребни дополнителен број поени од другите активности.

Формирањето на конечната оценка од континуиранаата проверка на знаењата, завршното оценување и останатите активности во рамките на предметната програма се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени, оценка 5 (пет)
- од 51 до 60 поени, оценка 6 (шест)
- од 61 до 70 поени, оценка 7 (седум)
- од 71 до 80 поени, оценка 8 (осум)
- од 81 до 90 поени, оценка 9 (девет)
- од 91 до 100 поени, оценка 10 (десет)

Доколку при утврдувањето на конечниот број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број.

Рокови за доставување семинарски работи:

- 14.12.2016 година за јануарска испитна сесија,
- 01.04.2017 година за априлска испитна сесија,
- 15.05.2017 година за јунска испитна сесија,
- 30.06.2017 година за септемвриска испитна сесија и
- 15.10.2017 година за ноемвриска испитна сесија.

| | | |
|---|---|---|
| Координатор за ЕКТС на Факултетот за безбедност | Вонр. проф. д-р Саше Герасимоски | sgerasimoski@yahoo.com |
| Администратор за ЕКТС | Јованка Илиевска | jovebendo@hotmail.com |

Координатори за ЕКТС на Катедри:

| | |
|---|---|
| Доц. д-р Марјан Ѓуровски | mar.gjurovski@gmail.com |
| Доц. д-р Александар Иванов | aivanov@fb.uklo.edu.mk |
| Доц. д-р Ице Илијевски | iilijevski@fb.uklo.edu.mk |
| Доц. д-р Наташа Јованова | natasa.akademija@yahoo.com |
| Асс. д-р Аљоша Недев | anedev@fb.uklo.edu.mk |